Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 319/0306
28.11 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21-ви ноември 2022 година, врз основа на примена жалба од Марија Голабовска, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот на интернет – порталот „ДоказМ.мк“, насловен „Женава се жали па од фраери во Струга“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 29-ти октомври 2022 година, Марија Голабовска поднесе жалба за текстот со наслов „Женава се жали па од фраери во Струга“, објавен на 19-ти октомври 2022 година на интернет – порталот „ДоказМ.мк (www.dokazm.mk).

Во жалбата се наведува дека оспорениот текст содржи неточно и нефер известување, незастапена втора страна и говор на омраза, односно дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 10.

Дополнително, жалителката посочува дека во спорната содржина се именуваат личности и државни институции кои немаат поврзаност со дрвата и кабастиот отпад прикажани на фотографиите во рамки на текстот. Таа, меѓудругото, нагласува дека авторот на веста објавил непроверени и лажни информации, преку кои се нарушувале угледот и достоинството и на лицето, и на институцијата спомената во текстот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „ДоказМ.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно оцени дека Кодексот на новинарите е прекршен во членовите 1 и 13.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***При** изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „ДоказМ.мк“ не е член на Советот за етика во медиумите и на регистарот на професионални онлајн медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 21-ви ноември 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека текстот произлегува од јавниот интерес, но дека начинот на кој е обработена темата се коси со основните новинарски стандарди. Иако е поставена во рубриката колумни, содржината е жанровски неодредена, насловот е конфузен, а текстот несмасно и непрофесионално обработен.

Во текстот дословно се пренесува писмо/поплака од група станари од Струга, кои се жалат на узурпација на јавно земјиште пред нивната зграда, на кое наводно други станари, од позиција на моќ, поставиле огревно дрво и кабаст отпад. Во содржината, како „виновник“ за таквото самоволие, се посочува државна службеничка со наведени иницијали и со име на институцијата каде била вработена. Во рамките на текстот е објавен и документ/известување од Општина Струга, со кој се повикуваат несовесните станари да ја ослободат јавната површина, а објавени се и други две фотографии на кои се гледа поголема количина огревно дрво поставено на тревна површина. Комисијата за време на одлучувањето констатираше дека документот и фотографиите, во меѓувреме, се избришани од текстот на „ДоказМ.мк“.

Комисијата се согласи дека медиумот не вложил минимум напори да ја потврди веродостојноста на тврдењата на засегнатите граѓани и посеопфатно да го обработи текстот, наместо да смета дека е доволно само интегрално и без никакви интервенции да ги пренесе реакцијата и обвинувањата на група станари од Струга. Не е консултирана ниту една надлежна институција за да се даде појасна слика за случајот. Така обработената содржина е еднострана, не нуди објективна информација и не согледува низа значајни аспекти. Во вакви случаи, авторот во најмала рака морал да покаже воздржаност и резерва кон пренесените информации, кога веќе не се обидел да ја провери точноста на веста, ниту да го испочитува основното новинарско правило на „втора страна“, односно да се обезбедат и други гледишта. Ова уште повеќе што во содржината е наведена личност со иницијали и со посочено место на работа.

Оттука, Комисијата утврди дека во содржината на „ДоказМ.мк“ е прекршен **член 1** од Кодексот на новинарите, во поглед на тоа дека проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку од два меѓусебно неповрзани извора. Новинарот треба да обезбеди и други гледишта, односно да им даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова, особено во случаи кога новинарот

изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. При користењето информации добиени од социјалните мрежи, од веб-страници, блогови или други извори на интернет, онлајн медиумите внимателно ќе ја проверат нивната веродостојност и кредибилност.

Комисијата утврди дека во текстот е повреден и **член 13** од Кодексот на новинарите, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Онлајн медиумите, при известувањето за секоја тема или прашање, ќе настојуваат да придонесат за подобро нејзино разбирање, преку внимателно разгледување на фактите и преку нивно соодветно поврзување, со цел да се претстави целосниот контекст и различните агли и гледишта на темата.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595